Република Македонија

О С Н О В Е Н   С У Д   Р Е С Е Н

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА ВО 2008 ГОДИНА

РЕСЕН, ФЕВРУАРИ 2009 ГОДИНА

# В О В Е Д

Согласно Законот за судовите, Службен весник на РМ бр.58/06 од 11.05.2006 год., Основниот суд Ресен, претставува суд со основа надлежност.

Во Основниот суд Ресен, по предметите од надлежност на истиот, работат 5 избрани судии, од кои 1 судија е избран на ден 26.08.2008 год.Тоа се судиите: Билјана Јоновска, Драги Жаловски, Љубица Саламовска, Царева Проевска и, сметано од 26.08.2008 год., Виолета Крстиновска.

Исто така, во судот работат вкупно 4 стручни соработници, 9 референти соработници, 1 преведувач, благајник и сметководител, 5 дактилографи, 1 возач кој работи и како економ и хаусмајстор, 1 доставувач, 4 судски полицајци и 1 хигиеничар.

Со овој кадар судот ја спроведува работата од својата надлежност, а резултатите од работата се прикажни преку бројките кои следуваат.

Извештајот за работа на судот за 2008 год., содржи податоци од поединечните уписници - регистри за работа по оддели, како статистички податоци, заедно со анализа на истите сметано поединечно по судија и вкупен сумарен извештај за работата на судот.

Извештајот за 2008 год., го подготви Вршителот на функција, Претседател на Основниот суд Ресен, Татјана Сусулеска.

Сметано од 01.10.2008 год., како судија на Апелациониот суд Битола истата е делегирана со решение на Судскиот совет на Репбулика Македонија да ја извршува оваа функција, за период од најдолго една година.

Причина за превземање на ваквата мерка од страна на Судскиот совет, била состојбата која во овој суд се создала заради суспензија на Претседателот на судот и констатирана потреба за превземзње на вонредни мерки за стабилизација на состојбите во судот и подобрување на квалитетот во работата.

По превземањето на функцијата Претседател на судот, делигираниот судија веднаш презеде мерки кои значеа:

Изготвување на привремен распоред за работа на судиите во период кога Претседателот сеуште беше под суспензија. Во таа смисла,согласно судскиот деловник, беа дефинирани два одвоени оддели - кривичен и граѓански , со распоредување на постоечките судии во двата оддели.

Притоа, судиите Билјана Јоновска и Драги Жаловски, беа распоредени во кривичен оддел созадолжение да постапуваат по сите истраги, истражни дејствија, дежурства во работно време, сите прекршочни предмети и сите кривични предмети.

По извршните прекршочни предмети и извршувањето на санкциите постапува Вршителот на функција Претседател на судот.

Судиите Царева Проевска и Виолета Крстиновска беа распоредени во граѓанскиот оддел со задолжение да постапуваат по сите парнични предмети, вонпарнични предмети, оставински предмети и извршни предмети.

Во граѓанскиот оддел се направи нова измена, откако спрема судијата Саламовска беше запрена постапката пред Судскиот совет на РМ и истата се врати на работа,со решение од 13.11.2008 год.

По нејзиното враќање, истата беше распоредена во граѓанскиот оддел каде што е констатирано дека има застој во работата, поголем број на предмети и поголем број на стари предмети. На ваков начин, овој распоред остана до крајот на 2008 год., со тоа што и годишниот распоред за 2009 год., е дефиниран на истиот начин.

Останатите вработени ги задржаа своите работни задолженија од претходниот период.

Во рамки на превземените мерки, извршено е ажурирање на евиденцијата на податоците во уписниците, од причина што при редовна посета на Апелациониот суд Битола, беше констатирано дека на несоодветен начин се водела евиденција на укинатите предмети, односно предметите што повторно влегуваат во работа,како и предметите што се предаваат или примаат од друг судија, друг суд или орган.

Со ажурирањето на евиденцијата, произлегуваат извесни нелогичности во податоците,нема можност целосно да се усогласат податоците И покрај вонредните напори на одговорните референти од причина што во меѓувреме дел од нив се решиле.

Меѓутоа, целта на ажурирањето се постигна, со тоа што до крајот на 2008 год., сите предмети што се во работа добија соодветна евиденција, па со почетокот на 2009 год., се дава основа месечните и периодичните извештаи да се изготвуваат врз основа на точна евиденција во уписниците.

Се заврши процесот на воведување на комјпутерска распределба на предметите, така што до крајот на 2008 год., сите предмети компјутерски се распределуваат во работа на судиите.

На сите судии им е обезбедена соодветена просторија - кабинет за работа и реализација на обврските, со тоа што секој има сопствен персонален компјутер и секојдневно му е обезбеден записничар бидејќи во судот се вработени 5 записничари.

## ПРИЛИВ НА ПРЕДМЕТИ И ОБЕМ НА РАБОТА

Во извештајната година, обемот на работа во судот, имајќи го во предвид целокупното работење по предмети, забележува *зголемување на* ***приливот на*** *предмети* , но и *намалување* на вкупниот број на предмети во работа, а сето тоа споредбено со претходната година.

Во извештајната 2008 година, споредено со изминатата 2007 година, судот имал **зголемен** прилив на предмети.

Судот, *во 2008 г. примил вкупно 3581* од кои: нови 3387 предмети, од укинатите примал 67 и од друг суд – орган 127 предмети.

*Во 2007 год. , судот примил вкупно 3244 предмети.*

Значи, во вкупниот број на новопримени предемети се јавува *зголемување за 337* предемети од сите видови.

Судот во извештајниот период *успеал да го совлада целокупниот прилив на предмети,* односно , решени се повеќе предмети, отколку што се новопримени во работа или:

- *На 01.01.2008 год. затекнати се 2257 премети*

- ***новопримени во 2008 година се 3581 предмет***

- *вкупно во работа во 2008 год се 5838 предмети, а во 2007 год. биле 6945 предмети.*

- ***решени во 2008 се 4176 предмети** , а во 2007 биле шени 4699 предмети*
- *останале нерешени 1662 предмети, а во 2007 год. останале 2257 предмети*

***Приливот*** *на предмети*, сметано од новите, укинатите и од друг суд – орган, бил следен:

- 1 Истрага повеќе
- 4 истражни дејствија повеќе
- 13 кривични полнолетни предмети помалку
- 5 извршување на казни повеќе
- 5 Кривични замолници повеќе
- 221 прекршочен предмет помалку
- 96 процесни предмети помалку
- 288 прекршочни извршни предемти повеќе
- 238 разни граЌански предмети пове'е
- 8 изврШни предемети помалку
- 40 оставински предмети помалку
- 213 платни налози повеќе
- 29 тапии и интабулации помалку
- 20 предемти помалку од останатите вонпроцесни предемти
- 7 заверки повеќе
- 3 разни замолници повеќе

Меѓутоа, приливот на предмети *во поедини области, судот не успеал целосно да го совлада,* односно:
- кај кривичните полнолетни новопримени предмети биле 48, а решени се 47;
- кај извршување на казни примени се 5 предмети, а решени се 4 предмети;
- прекршоци примени се 836 предмети, а решени се 741 предмет,
- процесни предмети примени се 231 предмет, а решени се 217 предмети и
- оставински предмети примени се 215, а решени се 183 предмети.

На крајот на извештајната година, *останале нерешени 1662* предмети од сите видови.

Од нерешените, 485 предмети отпаѓаат на извршните предмети, 446 на прекршочните предмети- извршување на казните, а 311 на прекршочни предмети.

Вкупно се решени 4176 предмети , а во 2007 год., решени биле 4699 предмети или помалку 523 предмети во споредба со претходната година,. На крајот од годината останати се 1662 нерешени предмети или 595 предмети помалку од претходната година, **што значи дека е намален заостатокот на предмети.**

Судот во извештајната година вкупно во работа имал **5838** предмети од сите видови, спрема **6945** предмети од претходната година или ***1107*** *предмети помалку.*

## КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Во тековната година *намален е обемот на работа во кривичните предмети за 21 предмет.*

Имено, заедно со 8 предмети од крајот на 2007 год. и 48 ново заведени предмети во 2008 година, вкупно биле во работа 56 кривични предмети, додека во 2007 г. биле вкупно 77 предмети. Со оглед на тоа дека во тековната година се решени 47 кривични предмети, останале 9 предмети, односно за еден предмет повеќе спрема минатата година.

Од примените предмети во текот на 2008 година, 33 предмети се заведени по обвинение на ОЈО Ресен, 14 по приватни тужби и еден супсидиерен обвинителен предлог.

Од примените 48 предмети, сметано по видови на кривични дела, состојбата била следна:

- 16 се за “загрозување на безбедноста на сообраќајот”,
- 2 се за “тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот”,
- 1 “ нарушување на неповредливоста на домот”,
- 1 “договор на извршување на кривично дело”,
- 1 предмет “фалсификување на исправа”,
- 2 “загрозување на сигурноста”,
- 6 “незаконит риболов”,
- 1 “навреда”,
- 2 “за навреда и клевета”,
- 1 “одземање малолетник”,
- 6 “телесна повреда”,

- 1 “криумчарење”,
- 4 “кражба”
- 1 “тешка кражба”,
- 2 “измама”,
- 1 “насилство”.

Во текот на извештајната година донесени се вкупно:

- 38 осудителни пресуди,
- 4 ослободителни пресуди,
- 2 одбивателни пресуди,
- 4 предмети се решени на друг начин.

Во рамките на овие показатели, во 19 предмети против 22 лице изречени се услови осуди, во 12 предмети против 19 лица судски опомени, во 1 предмет е изречена казна затвор на 1 лице, во 6 предмети на парична казна му е изречена на 6 лица и тоа: на две лица парична казна од по 18.450,оо ден., едно лице на парична казна од 30.750,оо ден., на едно лице парична казна од 36.900,оо ден., на едно лице парична казна од 12.200,оо ден., на едно лице парична казна од 21.455,оо ден.

Од укинатите предмети решени се два предмети и тоа: донесени две пресуди донесени се ослободителни.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА**
**ПО КРИВИЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ**
**ПРОТИВ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА**

| до 1 мес. | од 1 до 3 мес. | од 3 до 6 мес. | од 6 мес. до 1 год. | над 1 год. |
|---|---|---|---|---|
| 25 предм. | 9 предм. | 8 предм. | 4 предм. | 2 предм. |

**КВАЛИТЕТ :**

Од донесени 44 кривични пресуди против полнолетни лица, по 5 пресуди одлуката е обжалена.

Од обжалените, 7 пресуди пресуди се потврдени , а една е укината . *( се земаат во предвид сите предмети вратени од жалбена постапка, сметано и предмети кои се испратени во претходната година).*

**<u>СТАРИ, НЕРЕШЕНИ КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ , НА КРАЈОТ НА 2008 ГОДИНА НЕМА.</u>**

## ИСТРАЖНИ ПРЕДМЕТИ

Податоците за движењето на истрагите и определените истражни дејствија, покажуваат благо зголемување на бројот на предметите.

На крајот од 2007 година нерешена останала 1 истрага. Примени се нови 7 истраги (во 2007 год., 6 истраги). На крајот на 2008 година останала нерешена 1 истрага.

**Од определените истражни дејствија**, по уписник ОИД, судот вкупно во работа имал 35 предмети, од кои 1 нерешено од 2007 год.) и 34 примени во извештајната година. Од нив решени се 34 предмети, а 1 нерешено.

Од оваа бројка, 11 предмети ОИД се заведени по повод увиди на лице место, извршени од страна на истражните судии.

## ПРЕКРШОЧЕН О ТСЕК

Прекршочните предмети како бројка покажуваат опаѓање на приливот (**221** предмет помалку од претходната година).

На почетокот од извештајната година судот како нерешени имал **216** предмети, примал нови **836** предмети ( во 2007 год., примил 1057 предмети), што значи вкупно во работа имал **1052** предмети.

Од примените, нови предмети се 684, примени од друг орган – 126 предмети и примени 26 од укинатите.

Решени се вкупно **741** предмети. Нерешени останале **311** предмети**.**

### КВАЛИТЕТ:

Од вкупно решните 741 предмет, обжалени биле 169 предмети, а необжалени 572 предмет.

Од обжалените, 55 се потврдени, 28 преиначени и 49 укинати.

***Стари предмети:***

На почетокот од 2008 год. имало **78** предмети, а на крајот на годината, нивниот број е значително намален, па *останале нерешени **12 стари** предмети, од кои:*

- *8 од 2006 год.*
- *3 од 2005 год.*
- *1 од 2004 год.*

**Извршни прекршочни предмети** – извршување на казни.

На 01.01.2008 год., нерешени биле **712** предмети. Примени нови - **804** предмети, решени во 2008 год. се **1070** предмети, а останале нерешени **446** предмети.

**Стари** нерешени предмети има вкупно 4, од кои 1 од 2005 год. и три од 2006 год.

Во спроведувањето на **постапката за извршувањето на санкциите** кај кривичните предмети не постојат проблеми, сето тоа поради малиот број на такви случаи во кои постапувал судот. Три предмети кои се однесуваат на извршување на казна затвор, не се разрешени и осудените не отпочнале со издржување на казна затвро, поради тоа што во три случаи осудените не се достапни, тоа се воглавно истите предмети кои се провлекуваат од минатите години, издадени се потерници, а за еден случај, во тек е постапка за присилно приведување на издржување на казната.

*По овие предмети постапувале судиите Билјана Јоновска,Драги жаловски, Љубица Саламовска*

## ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

### ПАРНИЧНИ ПРЕДМЕТИ

- *Нерешени **парнични** предмети на 01.01.2008 год.,имало **242** предмети,*
- *нови примени во текот на 2008 год., **201** предмет, од кои укинати **29** предмети, а од друг суд во работа **1** предмет.*
- *вкупно во работа биле **473** предмети*
- *решени се **217**,*
- *останале нерешени **256** **предмети***

Во извештајната година *на 01.01.2008 год. имало **32** стари нерешени предмети,* а на 31.12.2008 год. останале нерешени **25** предмети , односно намален заостаток за 7 предмети и тоа :

- 1 предмет од 2003 год.,
- 2 предмети од 2004 год.,
- 5 предмети од 2005 год.,
- 17 предмети од 2006 год.

Од вкупно завршените **217** парнични предмети , **11** се разводи на брак, **115** имотни спорови, **30** работни спорови, а спорови од мала вредност се **61** предмет.

**КВАЛИТЕТ**

Од **101** пресуда донесени во парничните предмети, **87** се обжалени.

Од обжалените , **51** пресуда е потврдена, **3** се преправени и **28** се укинати.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА ПО ПАРНИЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ**

| До 1м. | од 1м. до 3м. | од 3м. до 6м. | од 6м. до 18м. | од 18м. до 24м. | над 24м. |
|---|---|---|---|---|---|
| 18 | 34 | 36 | 77 | 25 | 27 |

*По овие предмети постапувале судиите:*

*1. Слободанка Самаровска , од 01.01.2008 год., заклучно со 06.03. 2008 год. кога заминала во пензија.*
*2. Царева Проевска – цела 2008 година .*
*3. Драги Жаловски во период од м. 3-ти до м. 9-ти 2008 год.,*
*4. Виолета Крстиновска од 01.09.2008 год. и*
*5. Љубица Саламовска , почнувајќи од 20 11.2008 год.*

**ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ**

- *Вкупно во работа, во 2008 год. биле **273** предмети,*
- ***214** ново заведени, **1** од укинатите, а **58** пренесени од претходната година.*
- *Решени се **183** предмети, од кои **5** стари предмети*
- *останале нерешени **90** предмети.*

Од нерешените предмети, **два предмети се стари** (од 2006 год.)

Од евиденцијата по нотари, на име на нотар Максуд Мексуд се водат 97 примени предмети, истиот решил 60 предмети, а останале нерешени 37.

На име на нотар Николче Павлоски, заведени се 96 предмети, решени 46, а останале нерешени 50 предмети.

*По овие предмети постапувале судиите : Љубица Саламовска , Драги Жаловски, Царева Проевска, Билјана Јоновска и Виолета Крстиновска.*

**ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ**

- *Примени се **49** нови предмети, **9** од укинатите или вкупно **58** предмети.*
- *Со нерешените **62** од минатата година, судот во работа имал вкупно **120** предмети.*
- *Решени се **64** предмети, од кои **12** стари,*
- *останале нерешени **56** предмети.*
-

Од вкупно 120 – те предмети во работа, се јавуваат предмети по разни основи: 52 предмети физички делби-уредување на меѓи, 28 предмети за експропријација – надоместок, 7 предмети за дозвола за брак, 5 предмети за докажување на смрт, 1 предмет за одземање на деловна способност, 27 други предмети; времени мерки, обезбедување на докази.

Од обжалените предмети **5** се потврдени , а **7** се укинати.

*По овие предмети постапувале судиите Слободанка Самаровска, Драги Жаловски, Царева Проевска , Виолета Крстиновска и Љубица Саламовска.*

**ИЗВРШНИ ПРЕДМЕТИ**

На 31.12.2007 год., имало **954** извршни предмети, примени нови **1**, вкупно во работа **955**, решени биле **470** предмети, а нерешени останале **485.**

*По овие предмети постапува еден референт – извршител, а во различни периоди постапувале различни судии, при што видно е да се напомене дека по преземањето на управувањето со судот од страна на ВФ Претседателот, како одговорни судии за извршните предмети од 01.10.2008 год. до 31.12.2008 год., работеле само судиите Царева Проевска и Виолета Крстиновска.*

**ПОЕДИНЕЧНА АНГАЖИРАНОСТ И РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТАТА НА СУДИИТЕ**

**Судија Татјана Сусулеска**, како Вршител на функција претседател на судот, во период од 01.10.2008 год. До 31.12.2008 год., решила:

23 предмети по ППНИ
3 пати учествувала во работа на кривичен совет како претседател
Ги води предметите ИПРК и извршување на санкции
Работи на разни граѓански предмети – уверенија за неосудуваност и забрана за вршење на дејност

**Судија Биљана Јоновска**, **решила:**

18 предмети по ППНИ како заменик претседател
27 кривични предмети од кои: 24 со пресуда и 3 на друг начин
436 прекршочни предмети од кои: ///////////323 прекршочни пресуди, од кои 6 застарени и 113 на друг начин.
5 оставински предмети
Судијата работела и како заменик претседател на судот, член е на дисциплинската комисија на Комората на извршители.

**Судија Драги Жаловски, решил:**

1 предмет по ППНИ
1 оставински предмет
10 вонпарнични
20 кривични предмети од кои 19 со пресуда, 1 на друг начин, од укинатите 1 со пресуда
52 парнични предмети од кои 21 со пресуда, 4 со судско порамнување и 27 на друг начин
247 прекршочни предмети, од кои : со пресуда 179, застарени 4 предмети , на друг начин 68.
116 извршни предмети
80 платни налози

**Судија Љубица Саламовска, решила**:

Во период додека вршела функција Претседател на судот – 01.09.2008 год., решила:

15 предмети по ППНИ,
57 прекршочни предмети, од кои: 44 со пресуда, 13 на др.начин
8 пати претседател на кривичен совет
86 оставински предмети
2 истраги
8 предмети ОИД
4 замолници КР
12 интабулации

Како судија, во период од 25.11.2008 год. до 31.12.2008 год.:

8 парнични предмети од кои 3 со пресуда, 2 со судско порманување и 3 на друг начин
3 вонпрнични предмети
39 платни налози

**Судија Слободанка Самаровска**, заклучно со 06.03.2008 год.решила:

5 парнични предмети од кои 2 со пресуда и 3 на друг начин.
3 вонпарнични предмети
Судијата користел годишен одмор од 01.02.2008 год. до 28.02.2008 год.
38 извршни предмети
65 платни налози

**Судија Царева Проевска,** решила:

123 парнични предмети, од кои 64 со пресуда, 13 со судско порамнување и 46 на друг начин.
1 прекршочен предмет со пресуда
32 Вонпроцесни предмети
38 оставински предмети
220 извршни предмети
233 платни налози
Работела како заменик член на дисциплинската комисија на комората на извршители .

**Судија Виолета Крстиновска**, од 01.09.2008 год. до 31.12.2008 год. решила:
34 парнични предмети од кои 11 со пресуда, 4 со судско порамнување и 19 на друг начин.
16 вонпарнични предмети
27 оставински предмети
96 извршни предмети
105 платни налози

# РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ ПО МЕСЕЦИ

## 1.КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ

### Судија Билјана Јоновска

Пресуди:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - | 3 | 1 | 4 | 4 | - | - | 1 | 5 | 1 | 4 |

На друг начин:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - | 2 | - |

ВКУПНО:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - | 4 | 1 | 4 | 4 | - | - | 1 | 5 | 3 | 4 |

Со пресуда 24 предмети
На друг начин 3 предмети
Вкупно 27 предмети.

### Судија Драги Жаловски

Пресуди:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4 | - | - | - | - | - | - | 1 | 3 | 3 | 7 |

На друг начин:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 |

ВКУПНО:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4 | - | - | - | - | - | - | 1 | 3 | 3 | 8 |

Со пресуда 19 предмети
На друг начин 1 предмети
Вкупно 20 предмети.

**ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ**

Судија Билјана Јоновска

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 52 | 50 | 43 | 19 | 30 | 36 | 18 | 1 | 30 | 15 | 52 | 80 |

Вкупно 436 предмети

Судија Драги Жаловски

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 23 | 35 | 1 | - | - | - | 1 | - | 32 | 37 | 41 | 77 |

Вкупно 247 предмети

Судија Љубица Саламовска

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | 29 | 7 | 1 | 15 | 3 | 2 | - | - | - | - |

Вкупно 57 предмети

Судија Царева Проевска

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - |

Вкупно 1 предмет

**ПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ**

Судија Слободанка Самаровска

Пресуди:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

Спогодба:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

На друг начин:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - | 2 | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

ВКУПНО:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | - | 2 | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

Со пресуда 2 предмети
Спогодба
На друг начин 3 предмети
Вкупно 5 предмети.

## Судија Царева Проевска

Пресуди:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 8 | 9 | 3 | 3 | 8 | 2 | - | 6 | 7 | 8 | 8 |

Спогодба:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | 1 | - | - | - | - | - | - | 1 | 2 | 3 | 6 |

На друг начин:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | 1 | 7 | 7 | 4 | 4 | 2 | 1 | 7 | 3 | 5 | 5 |

ВКУПНО:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 10 | 16 | 10 | 7 | 12 | 4 | 1 | 14 | 12 | 16 | 19 |

Со пресуда 64 предмети
Спогодба 13 предмети
На друг начин 46 предмети
Вкупно 123 предмети.

## Судија Драги Жаловски

Пресуди:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | - | 9 | 2 | 6 | 2 | 2 | - | - | - | - |

Спогодба:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | - | 2 | 2 | - | - | - | - | - | - | - |

На друг начин:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | - | 3 | 6 | 10 | 4 | 4 | - | - | - | - |

ВКУПНО:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | - | 14 | 10 | 16 | 6 | 6 | - | - | - | - |

Со пресуда 21 предмети
Спогодба 14 предмети
На друг начин 27 предмети
Вкупно 52 предмети.

## Судија Виолета Крстиновска

Пресуди:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 | 5 | 5 |

Спогодба:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 | 3 |

На друг начин:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | - | - | - | - | - | - | 4 | 8 | 1 | 6 |

ВКУПНО:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | - | - | - | - | - | - | 4 | 9 | 7 | 14 |

Со пресуда 11 предмети
Спогодба 4 предмети
На друг начин 19 предмети
Вкупно 34 предмети.

## Судија Љубица Саламовска

Пресуди:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 3 |

Спогодба:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 |

На друг начин:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 3 |

ВКУПНО:

| 1м | 2м | 3м | 4м | 5м | 6м | 7м | 8м | 9м | 10м | 11м | 12м |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 8 |

Со пресуда 3 предмети
Спогодба 2 предмети
На друг начин 3 предмети
Вкупно 8 предмети

**РАБОТА НА КРИВИЧНИОТ СОВЕТ**

Кривичен совет во состав Љубица Саламовска, претседател судиите Слободанка Самаровска и Царева Проевска, членови одлучувале по две барања за бришење на осуда.

Кривичен совет во состав: Љубица Саламовска како претседател, а Драги Жаловски и Виолета Крстиновска, како членови одлучувале по четири барања за бришење на осуда.

Кривичен совет во состав Татјана Сусулеска, како претседател, Драги Жаловски и Виолета Крстиновска како членови, одлучувале по едно барање за бришење на осуда.

Кривичен совет во состав Љубица Саламовска, претседател, Драги Жаловски и Царева Проевска, членови одлучувале по еден предлог за судење во отсуство.

Кривичен совет во состав Драги Жаловски, претседател, Царева Проевска и Виолета Крстиновска, како членови одлучувале во два предмети по жалби на решение за притвор.

Кривичен совет во состав Драги Жаловски, претседател, Љубица Саламовска и Билјана Јоновска, членови одлучувале по еден предмет по жалба на решение за истрага.

Кривичен совет во состав Билјана Јоновска, претседател, Драги Жаловски и Царева Проевска, како членови одлучувале по еден предмет по жалба на решение за спроведување на истрага.

Кривичен совет во состав Татјана Сусулеска, претседател Царева Проевска и Виолета Крстиновска, како членови одлучувале по еден предмет по жалба на решение за истрага.

Кривичен совет во состав Билјана Јоновска, претседател, Царева Проевска и Виолета Крстиновска , како членови, одлучувале во два предмети за враќање на емство.

Кривичен совет во состав Љубица Саламоска, претседател, Драги Жаловски и Виолета Крстиновска , како членови, одлучувале во еден предмет за враќање на емство.

Од сето досега наведено прикажано видно е дека судиите постапуваат по разни видови на предмети. Ова од причини што кога ќе се има

во предвид бројот на судиите во судот, потесна специјализација на работата по предметите не би можела да се изврши, освен специјализација по ОДДЕЛИ, како што моментално се распоредени судиите, со цел да се запази и обезбеди една адекватна и рамноправна распределба на предметите по судии.

Додека била на функција Претседателот на судот, судијата Љубица Саламовска постапувала по разни предмети, што се гледа од табелите кои се составен дел на овој извештај.

## ФИНАНСИСКО И МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ

Според податоците на сметководството на судот, во извештајната година одобрените финансиски средства од Судскиот буџетски совет не биле доволни за покривање на сите видови обврски. Истото се гледа од податоците според кои, на овој суд, за 2008 година:

- вкупно му се **одобрени** 14.740.240,00 ден.,
- вкупно се потрошени 14.636.918,00 ден.,
- непотрошени останале 103.324,00 ден., кои сепак не биле преведени на сметката на судот,
- останеале неподмирени обврски во износ од 120.801,00 ден.

Неподмирените обврски не се резултат на лошо проектирање на буџетот, туку на рестриктивниот пристап на Судскиот буџетски совет и одобрувањето на помал износ од предјавениот.

Во секој случај, блокада на жиро сметката во текот на годината не се јавила во ниту еден период, нити пак постојат неподмирени обврски за подолг период кои би се сметале како проблематични или основ за судски постапки.

Надостатокот на средства по поединечни конта, се надоместуваше преку ребалансот на буџетот.

Условите за работење во судот се релативно добри.

Започнато е внатршно уредување на работните простории и нивно опремување со инвентор и компјутерска опрема, но сеуште недостасува инвентор и опрема за судниците и писарниците, каде условите за работа се потешки заради недостаток на работен простор.

Просторните услови во моментов не задоволуваат.

Недостасуваат простории за дактилографите и дел од стручните соработници.

Три простории од судската зграда користи Основното јавно обвинителство Ресен и доколку се изнајде решение за ослободување на овие простории, состојбата значително би се подобрила.

Судот поседува две патнички возила, па со истите, вработените, а посебно судиите се во можност да извршуваат увиди на лице место, да посетуваат советувања, семинари и нормално да се обавува дејноста во судот.

Во текот на 2008 год., се извршени инвестициони вложувања во изградба на пристапна рампа за инвалиди и реконструкција на скалите пред влезот на судот, оформена е просторија за адвокати и просторија за казнена евиденција.

# З А К Л У Ч О К

Од погореискажаното, како и од резултатите презентирани во табелите, се гледа дека резултатите од работата на овој суд не даваат основа да се констатира ажурно,ефикасно и квалитетно работење во текот на 2008 година.

Причината може да се бара во персоналните промени, фактот што од месец март до месец септември, судот работел со еден судија помалку, суспендиран бил Претседателот на судот за период од повеќе од 2 месеци и воведувањето на вонредни мерки.

Неспорно е дека во вакви услови за работа, судиите не можеле да дадат максимален ефект во работата.

Исто така, како што е погоре прикажано, и распоредот на предметите се менувал, дел од судиите работеле на разни видови предмети, дури и од двата оддели – кривичен и граѓански, што секако треба да се земе во предвид кога ќе се оценува квалитетот во работата на судиите поодделно.

Но, податок кој се смета за позитивен, е **НАМАЛЕНИОТ ЗАОСТАТОК НА ПРЕДМЕТИ** од **2257** предмети на почетокот на годината, на **1662** предмети на крајот на годината, а во ситуација кога бројот на примени предмети по разни основи – приливот е зголемен за **337** предмети. Исто така, намалувањето на бројот на стари и нерешени предмети е позитивен податок, кој укажува на залагањето на судиите за подобрување на ефикасноста.

Секако дека треба да се нагласи и дека по преземените вонредни мерки, се пристапи кон ажурирање и забрзување на постапките по старите и нерешени предмети, пуштање во работа на сите новопримени предмети, особено предметите од итен карактер, навремено изготвување на одлуките и секој месец изготвување на план за решавање на старите предмети со кој секој судија дава сопствена стратегија за решавање на истите.

Сериозноста со која судиите пристапија кон подобрување на резултатите во работата, дава основа да се очекуваат резултати веќе во првото шестомесечие на 2009 година.

Редовно се посетуваат едукациите организирани од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на РМ.

Забележлива е зголемена ангажираност на судиите и сите вработени насочени кон подобрување на угледот на овој суд кај странките и граѓаните, а резултат од ваквите напори е зголемениот процент на доверба на граѓаните искажан во последната анкета спроведена кон крајот на 2008 год.во висина од околу 7%.во споредба со претходната.

**15.02.2009 год.**
**Р е с е н**

**ОСНОВЕН СУД РЕСЕН**
**Вршител на функција,**
**Претседател на судот,**
**Татјана Сусулеска**

**Табела 1**

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО 2008 ГОДИНА

| ВИДОВИ ПРЕДМЕТИ | Нерешени на 1.01.2008 | Примени во 2008 | Вкупно во работа | Решени во 2008 | Нерешени на 31.12.2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| ИСТРАГИ | 1 | 7 | 8 | 7 | 1 |
| ИСТРАЖНИ ДЕЈСТВИЈА | 1 | 34 | 35 | 34 | 1 |
| КРИВИЧНИ ПОЛНОЛЕТНИ | 8 | 48 | 56 | 69 | 9 |
| КРИВИЧНИ МАЛОЛЕТНИ | - | - | - | - | - |
| ИЗВРШУВАЊЕ НА КАЗНИ | 3 | 5 | 8 | 4 | 4 |
| КРИВИЧНИ ЗАМОЛНИЦИ | - | 6 | 6 | 6 | - |
| ПРЕКРШОЦИ | 216 | 836 | 1052 | 741 | 311 |
| ПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ | 242 | 231 | 473 | 217 | 256 |
| ПРЕКРШОЧНИ ИЗВРШНИ | 712 | 804 | 1516 | 1070 | 446 |
| РАЗНИ ГРАЃАНСКИ | - | 676 | 676 | 676 | - |
| ИЗВРШНИ | 954 | 1 | 955 | 470 | 485 |
| ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ | 58 | 215 | 273 | 183 | 90 |
| ПЛАТНИ НАЛОЗИ | - | 556 | 556 | 556 | - |
| ТАПИИ И ИНТАБУЛАЦИИ | - | 10 | 10 | 10 | - |
| ОСТАНАТИ ВОНПРОЦЕСНИ | 62 | 58 | 120 | 64 | 56 |
| ЗАВЕРКИ | - | 86 | 86 | 86 | - |
| РАЗНИ ЗАМОЛНИЦИ | - | 8 | 8 | 5 | 3 |
| **В К У П Н О** | 2257 | 3581 | 5838 | 4176 | 1662 |

**ТАБЕЛА 2**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ ПО СУДИЈА ВО КРИВИЧНИОТ ОДДЕЛ
**од 1. 01. до 31. 12. 2008 год.**

| С У Д И И | КРИВИЧНИ ПРВОСТЕПЕНИ | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЗА ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА | | | | | | | | | | | | ЗА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА | | | |
| | ПРЕСУДИ | | | | | | ЗАПРЕНА И НА ДР. НАЧИН | В К У П Н О | ПРОСЕЧНО ЗА 10,5 МЕС. | РЕшЕНИ ОД УКИНАТИТЕ ПРЕДМЕТИ | В К У П Н О | ПРОСЕЧНО РЕшЕНИ ОД УКИНАТИТЕ | ОСУДИТЕЛНИ | ЗАПРЕНИ И НА ДР. НАЧИН | В К У П Н О | ПРОСЕЧНО ЗА 10,5 МЕС. |
| | ОСУДИТЕЛНИ | | ОСЛОБОДИТЕЛНИ | | ОДБИВАТЕЛНИ | | | | | | | | | | | |
| | до 10 г. | над 10 г. | до 10 г. | над 10 г. | до 10 г. | над 10 г. | | | | | | | | | | |
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** | **11** | **12** | **13** | **14** | **15** | **16** |
| ЉУБИЦА САЛАМОВСКА | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| ДРАГИ ЖАЛОВСКИ | 15 | - | 3 | - | 1 | - | 1 | 19 | 1,80 | 1 | 1 | 0,09 | - | - | - | - |
| БИЛЈАНА ЈОНОВСКА | 22 | - | - | - | 1 | - | 3 | 26 | 2,47 | 1 | 1 | 0,09 | - | - | - | - |
| СЛОБОДАНКА САМАРОВСКА | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| ЦАРЕВА ПРОЕВСКА | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| ВКУПНО | 37 | - | 2 | - | 2 | - | 4 | 45 | 4,28 | 2 | 2 | 0,19 | - | - | - | - |

**ТАБЕЛА 2А**

**ПРЕГЛЕД**
**НА РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ ПО СУДИЈА ВО КРИВИЧНИОТ ОДДЕЛ**
**ОД 01.01 ДО 31.12.2008 ГОД.**

| СУДИИ | Претходна постапка | | | | Вкупно решени предмети | Просечно за 10,5 мес. | Извршни | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Истраги | Просечно за 10,5 мес. | Истражни дејствија | Замолници | | | Кривични санкции | Прекршочни санкции |
| Драги Жаловски | 3 | 0,28 | 9 | 1 | 13 | 1,23 | - | - |
| Љубица Саламовска | 2 | 0,19 | 8 | 4 | 14 | 1,33 | 4 | 931 |
| Билјана Јоновска | 1 | 0,09 | 6 | 1 | 8 | 0,76 | - | 6 |
| Татјана Сусулевска | - | - | - | - | - | - | - | 133 |
| Царева Проевска | 1 | 0,09 | - | - | 1 | 0,09 | - | - |
| **ВКУПНО** | 7 | 0,66 | 23 | 6 | 36 | 3,42 | 4 | 1070 |

**Табела 2Б**

**ПРЕГЛЕД НА ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ ПО СУДИЈА**
**Од 01.01 до 31.12.2008 год.**

| Судии | Нерешени предмети на 01,01,2008 | Примени предмети во 2008 год | ВКУПНО ВО РАБОТА | Решени во 2008 год. | Нерешени на 31,12,2008 год | К В А Л И Т Е Т | | | | | | | | Решени на друг начин | | Траење на постапка | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Потврдени | | Укинати | | Преправени | | Отфрлени | | | | До 1 мес. | Од 1-3 мес. | Над 3 мес. |
| | | | | | | ПР. | % | ПР. | % | ПР. | % | ПР. | % | ПР. | % | | | |
| Љубица Саламовска | - | 57 | 57 | 57 | - | - | - | 1 | 100 | - | - | - | - | 13 | - | 19 | 13 | 25 |
| Драги Жаловски | 82 | 329 | 411 | 247 | 164 | 16 | 19,76 | 29 | 35,80 | 17 | 20,98 | 19 | 23,46 | 68 | - | 80 | 65 | 102 |
| Билјана Јоновска | 134 | 449 | 583 | 436 | 147 | 39 | 49,37 | 19 | 24,05 | 11 | 21,51 | 4 | 5,07 | 113 | - | 165 | 183 | 88 |
| Слободанка Самаровска | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Царева Проевска | - | 1 | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 | - | - |
| Вкупно | 216 | 836 | 1052 | 741 | 311 | 55 | 35,48 | 49 | 31,62 | 28 | 18,06 | 23 | 14,84 | 194 | - | 265 | 261 | 215 |

**Табела 3**

**ПРЕГЛЕД**
**НА КВАЛИТЕТОТ НА РЕШЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНИОТ ОДДЕЛ**
**Од 01.01.до 31.12.2008 год**

| Судии | Вкупно решени со пресуда | Вкупно обжалени | Потврдени | | Укинати | | Преправени | | Необжалени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Предмети | % | Предмети | % | Предмети | % | | |
| Драги Жаловски | 19 | 4 | 2 | 100 | - | - | - | - | 15 | 19 |
| Љубица Саламовска | - | 1 | 1 | 100 | - | - | - | - | - | 1 |
| Билјана Јоновска | 24 | 3 | 4 | 80 | 1 | 20 | - | - | 21 | 24 |
| Слободанка Самаровска | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Царева Проевска | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| ВКУПНО | 43 | 8 | 7 | 87,50 | 1 | 12,50 | - | - | 36 | 44 |

**Табела 4**

**ПРЕГЛЕД НА НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ ПО СУДИЈА ПО ГОДИНИ НА 31.12.2008 ГОД – КРИВИЧЕН ОДДЕЛ**

| СУДИИ | Материја | Вкупно | 2008 | 2007 | 2006 | 2005 | 2004 | 2003 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Билјана Јоновска | Истраги | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - |
| Татјана Сусулевска | Прекршочни извршни | 446 | 442 | - | 3 | 1 | - | - | - |
| Билјана Јоновска | | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Љубица Саламовска | Кривични полнолетни лица | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Билјана Јоновска | | 6 | 6 | - | - | - | - | - | - |
| Драги Жаловски | | 3 | 2 | 1 | - | - | - | - | - |
| Љубица Саламовска | Прекршоци | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Драги Жаловски | | 164 | 133 | 22 | 7 | 1 | 1 | - | - |
| Билјана Јоновска | | 147 | 121 | 23 | 1 | 2 | - | - | - |
| ВКУПНО | - | 767 | 705 | 46 | 11 | 4 | 1 | - | - |

**ТАБЕЛА 5**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

| СУДИИ | ПАРНИЧНИ | | | | | РЕшЕНИ ОД УКИНАТИТЕ ПРЕДМЕТИ | РАЗНИ ГРАЃАНСКИ | ПРОСЕЧНО 10,5 МЕС. | ВОНПРОЦЕСНИ | | | | ИЗВРШИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПРЕСУДИ | СПОГОДБИ | НА ДР. НАЧИН | **ВКУПНО** | ПРОСЕЧНО 10,5 МЕС | | | | ОСТАВИНСКИ | ПРОСЕЧНО 10,5 МЕС. | ВОНПРОЦЕСНИ РАЗНИ | ПРОСЕЧНО 10,5 МЕС. | **ВКУПНО** | ПРОСЕЧНО 10,5 МЕС. |
| Татјана Сусулеска | - | - | - | - | - | - | 158 | 15,05 | - | - | 25 | 2,37 | - | - |
| ЉУБИЦА САЛАМОВСКА | 3 | 2 | 3 | 8 | 0,76 | - | 512 | 48,76 | 87 | 8,28 | 67 | 6,39 | - | - |
| ДРАГИ ЖАЛОВСКИ | 19 | 4 | 24 | 47 | 4,47 | 1 | - | - | 1 | 0,09 | 10 | 0,95 | 116 | 11,04 |
| БИЛЈАНА ЈОНОВСКА | - | - | - | - | - | - | 3 | 0,29 | 30 | 2,86 | - | - | - | - |
| СЛОБОДАНКА САМАРОВСКА | 2 | - | 3 | 5 | 0,48 | - | - | - | - | - | 3 | 0,29 | 38 | 3,61 |
| ЦАРЕВА ПРОЕВСКА | 64 | 13 | 46 | 123 | 11,72 | 31 | 2 | 0,19 | 38 | 3,62 | 34 | 3,24 | 220 | 20,95 |
| Виолета Крстиновска | 11 | 4 | 19 | 34 | 3,23 | 4 | 1 | 0,09 | 27 | 2,57 | 19 | 1,80 | 96 | 9,14 |
| ВКУПНО | 99 | 23 | 95 | 217 | 20,66 | 36 | 676 | 64,38 | 183 | 17,42 | 158 | 15,04 | 470 | 44,76 |

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА КВАЛИТЕТОТ НА РЕШЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО ГРАЃАНСКИОТ ОДДЕЛ**
**од 1. 01. до 31. 12. 2008 год.**

**ТАБЕЛА 6**

| СУДИИ | П Р О Ц Е С Н И П Р Е Д М Е Т И | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО РЕШЕНИ СО ПРЕСУДА | ОБЖ-АЛЕНИ | ПОТВРДЕНИ | | УКИНАТИ | | ПРЕПРАВЕНИ | | НЕОБЖАЛЕНИ |
| | | | ПРЕДМЕТИ | % | предмети | % | Предмети | % | |
| ДРАГИ ЖАЛОВСКИ | 19 | 8 | 2 | 100 | - | - | - | - | 11 |
| СЛОБОДАНКА САМАРОВСКА | 2 | 5 | 13 | 68,42 | 5 | 36,32 | 1 | 5,26 | - |
| ЦАРЕВА ПРОЕВСКА | 64 | 73 | 36 | 59,02 | 23 | 37,70 | 2 | 3,28 | - |
| Биолета Крстиновкса | 11 | 1 | - | - | - | - | - | - | 10 |
| Љубица Саламовска | 3 | - | - | - | - | - | - | - | 3 |
| ВКУПНО | 99 | 87 | 57 | 62,19 | 28 | 34,15 | 3 | 3,66 | 24 |

**ТАБЕЛА 7**

## П Р Е Г Л Е Д
## НА КВАЛИТЕТОТ НА РЕШЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО ГРАЃАНСКИОТ ОДДЕЛ
### од 1. 01. до 31. 12. 2007 год.

| СУДИИ | РАЗНИ ВОНПРОЦЕСНИ | | | | | | | | | ОСТАВИНСКИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | потврдени | | укинати | | преправени | | | | | потврдени | | укинати | | преправени | | |
| | ВКУПНО РЕшЕНИ СО ОДЛУКА | ОБЖАЛЕНИ | ПРЕДМЕТИ | % | предмети | % | предмети | % | НЕОБЖАЛЕНИ | ВКУПНО РЕшЕНИ СО ОДЛУКА | ОБЖАЛЕНИ | ПРЕДМЕТИ | % | ПРЕДМЕТИ | % | ПРЕДМЕТИ | % | НЕОБЖАЛЕНИ |
| ЉУБИЦА САЛАМОВСКА | 3 | - | - | - | - | - | - | - | 3 | 87 | 1 | - | - | 1 | 100 | - | - | 86 |
| ДРАГИ ЖАЛОВСКИ | 10 | - | - | - | - | - | - | - | 10 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | 1 |
| БИЛЈАНА ЈОНОВСКА | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 30 | - | - | - | - | - | - | - | 30 |
| СЛОБОДАНКА САМАРОВСКА | 3 | 1 | - | - | 1 | 100 | - | - | 2 | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| ЦАРЕВА ПРОЕВСКА | 32 | 9 | 5 | 55,55 | 4 | 44,45 | - | - | 23 | 38 | - | - | - | - | - | - | - | 38 |
| Виолета Крстиновска | 16 | 1 | - | - | 1 | 100 | - | - | 15 | 27 | - | - | - | - | - | - | - | 27 |
| Вкупно | 64 | 11 | 5 | 45,45 | 6 | 54,55 | - | - | 53 | 183 | 1 | - | - | 1 | 100 | - | - | 182 |

**Табела 8**

**ПРЕГЛЕД**
**НА НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ ПО СУДИЈА ПО ГОДИНИ**
**НА 31.12.2008 ГОД. – ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ**

| СУДИИ | Материја | Вкупно | 2008 | 2007 | 2006 | 2005 | 2004 | 2003 | 2002 | 2001 | 2000 | До 1999 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Царева Проевска | Оставински | 42 | 37 | 4 | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| Виолета Крстиновска | | 48 | 44 | 3 | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| Виолета Крстиновска | Парнични | 60 | 47 | 11 | 2 | - | - | - | - | - | - | - |
| Царева Проевска | | 29 | 25 | 2 | - | 1 | 1 | - | - | - | - | - |
| Љубица Саламовска | | 42 | 33 | 5 | 3 | 1 | - | - | - | - | - | - |
| Царева Проевска | Вонпроцесни | 13 | 7 | 7 | 2 | 3 | 2 | - | - | - | - | - |
| Виолета Крстиновска | | 23 | 8 | 2 | 2 | 1 | 1 | - | - | - | - | 1 |
| Љубица Саламовска | | 20 | 5 | 6 | 6 | 2 | 1 | - | - | - | - | - |
| Виолета Крстиновска | Извршни предмети | 229 | | | 48 | 109 | 40 | 25 | 4 | - | 3 | |
| Царева Проевска | | 256 | | | 46 | 124 | 45 | 37 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| ВКУПНО | | 762 | 206 | 40 | 111 | 241 | 90 | 62 | 5 | 1 | 4 | 2 |

**Табела 9**

**ПРЕГЛЕД**
**НА КВАЛИТЕТ НА РЕШЕНИТЕ ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ – КВАЛИТЕТ ЗА 2008 ГОД**

| С У Д И И | ВКУПНО РЕшЕНИ СО ПРЕСУДА | ВКУПНО ОБЖАЛЕНИ | ПОТВРДЕНИ | | УКИНАТИ | | ПРЕПРАВЕНИ | | НЕОБЖАЛЕНИ | В К У П Н О |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ПРЕДМЕТИ | % | ПРЕДМЕТИ | % | ПРЕДМЕТИ | % | | |
| ЉУБИЦА САЛАМОВСКА | 57 | 2 | - | - | 1 | 100 | - | - | 55 | 57 |
| ДРАГИ ЖАЛОВСКИ | 247 | 93 | 16 | 25,80 | 29 | 46,78 | 17 | 27,42 | 154 | 247 |
| БИЛЈАНА ЈОНОВСКА | 436 | 74 | 39 | 56,63 | 19 | 27,53 | 11 | 15,94 | 362 | 436 |
| СЛОБОДАНКА САМАРОВСКА | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| ЦАРЕВА ПРОЕВСКА | 1 | - | - | - | - | - | - | - | 1 | 1 |
| ВКУПНО | 741 | 169 | 55 | 41,67 | 49 | 37,12 | 28 | 21,21 | 572 | 741 |